


# Пукање во Батинци, едно лице рането

ХРОНИКА / 09.09.2017 / 14:11

**Едно лице е рането во пукање што се случило вчера пред угостителски објект во село Батинци, Скопско. Од МВР информираат дека полицијата трага по напаѓачите.**




Според информациите на МВР, вчера во 13:45 часот во полиција било пријавено дека пред ресторан во село Батинци има пукање од огнено оружје, при што било повредено едно лице.

Повредениот Р.А. (35) од Батинци бил пренесен во Градска општа болница „8-ми Септември“.

„Лицето било примено во болница со прострелни рани во делот на долните екстремитети и извршена му е операција поради сериозност на повредите“, информира МВР.

Инаку, на пукањето му претходела тепачка која започнала внатре во ресторанот и по кратко време продолжила надвор, каде било пукано во Р.А.

Веднаш по настанот, сторителите избегале со автомобил „Ауди А8“. Полицијата презема мерки за нивно пронаоѓање и за целосно расчистување на случајот.

**0 коментари** Подреди по Најстари

Додај коментар...

НАЈНОВИ НАЈЧИТАНИ

23 минути Ереван: Азербејџан користи балистички ракети против цивили
54 минути Истегнување нозе со Памела Рајф
1 час Шефот на Ред Бул ја коментираше одлуката на Хонда да ја напушти Ф1
1 час Дневен преглед на состојбата со COVID-19 во светот
2 часа Привремен сообраќаен режим во Скопје в недела поради маратонот

ХРОНИКА


Судир меѓу воз и трактор кај Штип


Антикорупциска отворила предмети за злоупотреби на фондови на ЕУ и за кршење на законот при именувања директори во ФЗОМ


Казни за 874 лица за неносење маски


Побаран притвор за 55-годишен скопјанец поради силување




ВЕСТИ











Судир меѓу воз и трактор кај Штип


Комитетот на министри бара Бугарија да дозволи регистрација на здруженијата на македонското малцинство


Антикорупциска отворила предмети за злоупотреби на фондови на ЕУ и за кршење на законот при именувања директори во ФЗОМ


Детална анализа за порастот на заболени од Ковид, викендот препорака за евентуални нови рестриктивни мерки


Рама: Амбиција на двете влади е да се укине границата меѓу Албанија и Косово


Османи: Имаме високи очекувања од ЕУ и активно се подготвуваме за стартот на преговорите



© 2005-2020 Кајгана Медиа. Сите права задржани.

Согласни со iab. Етички кодекс